**20261492143**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 72 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26), министерот за образование и наука донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПЕДАГОШКИТЕ МЕРКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на изрекување на педагошките мерки кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно-образовната работа во основното училиште (во натамошниот текст: неприфатливото однесување на ученикот).

Член 2

(1) Педагошките мерки се изрекуваат индивидуално, прилагодено на секој ученик и се засноваат на принципите на постепеност, правичност, пропорционалност и навременост.

(2) Педагошки мерки во основните училишта се:

- усна опомена;
- писмена опомена;
- укор;
- преместување на ученикот во друга паралелка и
- намалување на поведението.

Член 3

При изрекување на педагошката мерка се земаат предвид:

- видот и тежината на неприфатливото однесување на ученикот;
- возраста и развојните карактеристики на ученикот;
- претходни педагошки мерки и нивниот ефект и
- околности кои влијаеле на неприфатливото однесување на ученикот.

Член 4

(1) Педагошките мерки усна опомена и писмена опомена се изрекуваат на учениците од I до V одделение.

(2) Педагошките мерки од ставот (1) на овој член, ги изрекува одделенскиот раководител.

(3) Педагошките мерки: усна опомена, писмена опомена, укор, преместување на ученикот во друга паралелка и намалување на поведението се изрекуваат на учениците од VI до IX одделение.

(4) Педагошките мерки од ставот (3) на овој член, ги изрекува:

- усна и писмена опомена – раководителот на паралелка;
- укор - раководителот на паралелката, советот на предметните наставници, наставничкиот совет или директорот;
- преместување на ученикот во друга паралелка - советот на предметните наставници, наставничкиот совет или директорот и
- намалување на поведението - наставничкиот совет или директорот.

Член 5

(1) Педагошките мерки од член 4 став (4) од овој правилник, се изрекуваат за неоправдано отсуство од настава, и тоа:

- за неоправдано отсуство од шест до осум наставни часа, се изрекува усна опомена;
- за неоправдано отсуство од девет до 11 наставни часа, се изрекува писмена опомена;
- за неоправдано отсуство од 12 до 14 наставни часа, се изрекува укор;
- за неоправдано отсуство од 15 до 20 наставни часа, се изрекува мерка преместување на ученикот во друга паралелка и
- за неоправдано отсуство над 20 наставни часа, се изрекува мерка намалување на поведението.

(2) Неоправдано отсуство се смета отсуството кое не е одобрено или оправдано.

Член 6

(1) Педагошките мерки од член 4 став (4) од овој правилник, се изрекуваат кон ученикот со неприфатливо однесување. Во зависност од сериозноста на повредата, педагошките мерки се делат на: лесни, тешки, потешки и особено тешки.

(2) Лесни неприфатливи однесувања на ученикот, се:

- нарушување на воспитно-образовната работа (на пр. предизвикување неред, бучава или викање за време на наставата во училницата, ходниците, заедничките простории и училишниот двор, по усно предупредување од наставник);
- нарушување на Кодексот на однесување на учениците за време на изведување на училишните излети, екскурзии и другите вонаставни активности на учениците;
- загадување на училишните простории и околината (на пр. фрлање отпад надвор од корпите за отпадоци);
- оштетување на имот во училишните простории или на друго место каде што се одржува наставата со предизвикување на штета (на пр. пишување на клупа, пишување на ѕидови, уништување на училишниот инвентар);
- недозволено користење на информациски и комуникациски уреди за време на наставата;
- помагање или поттикнување на неовластени лица да влезат во училишните простории;
- поттикнување на други ученици да се вклучат во неприфатливото однесување на ученикот и
- вознемирување на учениците или вработените во училиштето или други активности што предизвикуваат непријатност кај други лица, откако ученикот е предупреден за тоа;

(3) Тешки неприфатливи однесувања на ученикот, се:

- нарушување на наставата на начин што го спречува нејзиното понатамошно извршување;
- повреда на достоинството на друго лице врз база на родово базирано насилство омаловажување, навредување или ширење невистини и гласини за друг ученик или вработен во училиштето;
- внесување или консумирање на дроги или други психотропни супстанци во училишните простории или на друго место каде што се спроведува наставата;
- доведување или помагање на неовластени лица кои предизвикале штета на лица или имот во училишните простории или на друго место каде што се спроведува наставата;
- намерно уништување на имот во училишните простории или на друго место каде што се спроведува воспитно образовната работа;
- прикривање насилни форми на однесување;

- удирање, учество во тепачка и други однесувања што можат да ја загрозат безбедноста на ученикот или на друго лице, но без сериозни последици на здравјето на ученикот или на друго лице;
- користење или злоупотреба на податоци на друг ученик од педагошка документација;
- учество во игри на среќа во училишните простории или на друго место каде што се спроведува наставата и
-присвојување на туѓ имот;

(4) За потешко неприфатливо однесување на ученикот, се смета:
- провоцирање и поттикнување на насилно однесување (на пр. пренесување неточни информации што се причина за насилно однесување, скандирање пред или за време на насилно однесување, снимање на настан што вклучува насилно однесување и слично однесување);
- насилно однесување што не резултирало со сериозни последици на здравјето на ученикот или на друго лице;
- неовластено користење на туѓи податоци за пристап до електронските бази на податоци на училиштето без нивна промена;
- кражба на ствари од друг ученик или друго лице во училиштето или кражба на имот на училиштето;
- поттикнување на говор на омраза во групата во училиштето или на социјалните мрежи;
- уништување на педагошка документација и евиденција на училиштето и
- принудување на друг ученик да се вклучи во неприфатливото однесување на ученикот или изнудување на друг ученик (на пр. изнудување пари);

(5) За особено тешко неприфатливо однесување на ученикот, се смета:
- фалсификување на писмена или електронска официјална училишна документација;
- објавување на материјали, електронски или на друг начин, што резултира со повреда на угледот, честа и достоинството на друго лице;
- кражба извршена на опасен или дрзок начин, со кршење, влегување или совладување на пречки за добивање на предметот;
- внесување оружје и опасни предмети во училишните простории или на друго место каде што се одвива воспитно- образовна работа;
- загрозување на безбедноста на учениците или вработените во училиштето со употреба на оружје или опасни предмети во училишните простории или на друго место каде што се извршува воспитно-образовна работа и
- насилно однесување што резултирало со сериозни емоционални или физички последици за друго лице.

Член 7

(1) Усна опомена се изрекува по второто евидентирано лесно неприфатливо однесување на ученикот од член 6 став (2) од овој правилник.

(2) Писмена опомена се изрекува за тешко неприфатливо однесување на ученикот од член 6 став (3) од овој правилник.

(3) Укор се изрекува за потешко неприфатливо однесување на ученикот од член 6 став (4) од овој правилник.

(4) Преместување на ученикот во друга паралелка се изрекува за особено тешко неприфатливо однесување на ученикот од член 6 став (5) од овој правилник.

(5) Доколку ученикот по изречената мерка од ставовите (3) и (4) на овој член, продолжува да се однесува на ист начин, му се намалува поведението.

Член 8

(1) Изречената педагошка мерка треба да го охрабри ученикот да се откаже од неговото неприфатливо однесување и да усвои прифатливи форми на однесување, во согласност со правилата и куќниот ред на училиштето.

(2) Од страна на одделенскиот/раководителот на паралелката, на почетокот на секоја учебна година, се врши запознавање на учениците за време на одделенскиот час, а родителите/старателите на учениците на родителскиот состанок, за можноста и начинот на изрекување на педагошките мерки.

Член 9

(1) На ученикот, пред да се предложи изрекување на педагошка мерка, му се овозможува да го изрази своето мислење и ставови пред наставниците, стручните соработници и/или директорот во врска со фактите и околностите што се однесуваат на неговото однесување.

(2) Од страна на училиштето, родителот/старателот се запознава со воoченото однесување на ученикот и со активностите што ги презема училиштето за да се разберат причините и да се предложат соодветни воспитни мерки и форми на поддршка.

(3) Педагошката мерка може да се изрече без исказ на ученикот, доколку ученикот не се јави на повикот на одделенскиот/раководител на паралелката или друго овластено лице без оправдана причина.

(4) Педагошката мерка може да се изрече без запознавање на родителот од став (2) на овој член, ако родителот не се јави на писмената покана за разговор.

(5) Педагошката мерка усна опомена или писмена опомена се изрекува најдоцна седум дена од денот на дознавањето за неприфатливото однесување на ученикот за кое е изречена.

(6) Педагошката мерка укор се изрекува најдоцна седум дена од денот на дознавањето за неприфатливото однесување на ученикот за кое е изречена.

(7) Педагошката мерка преместување на ученикот во друга паралелка се изрекува најдоцна 15 дена од денот на дознавањето за неприфатливото однесување на ученикот, за кое е изречена.

(8) Педагошката мерка намалување на поведението, се изрекува најдоцна 15 дена од денот на дознавањето за неприфатливото однесување на ученикот за кое е изречена.

Член 10

(1) Секое изрекување на педагошка мерка се заснова на педагошката документација од одделенскиот/раководителот на паралелката и евиденцијата на стручните соработници/ директорот.

(2) Од страна на наставниците, стручната служба и директорот, пред да се предложи примена на педагошка мерка поради неприфатливото однесување на ученикот, истите соработуваат и разменуваат мислења, ги информираат и вклучуваат родителите/старателите на ученикот во процесот на наоѓање соодветно решение, а по потреба може да се побара мислење или поддршка од надлежниот центар за социјална работа.

Член 11

(1) Педагошките мерки од член 3 став (4) алинеите 1 и 2 од овој правилник, може да се се изречат најмногу два пати во текот на учебната година.

(2) Ако ученикот продолжува да се однесува неприфатливо, му се изрекува педагошка мерка со поголема тежина.

(3) Педагошките мерки од членот 2 став (2) алинеите 3, 4 и 5 од овој правилник, се изрекуваат постапно само еднаш во текот на учебната година.

Член 12

(1) Примената на педагошката мерка се евидентира со писмено образложение, во кое се опишуваат околностите што довеле до нејзиното предложување, како и целите што се очекува да се постигнат со нејзината примена.

(2) Во писменото образложение од ставот (1) на овој член, се наведуваат основните информации за настанот: место, време и начин на појава на неприфатливото однесување на ученикот, како и забележаните последици. Образложението содржи и опис на претходно преземените воспитни активности, како и предложени форми на помош и поддршка на ученикот, насочени кон разбирање и отстранување на причините за неприфатливото однесување на ученикот.

Член 13

(1) Секоја педагошка мерка има временска важност од најмногу една учебна година, освен ако со одлука не е определено пократко траење.

(2) Од страна на училиштето, по завршувањето на важењето на педагошката мерка, се изготвува план со активности насочени кон поттикнување на позитивно однесување и активно вклучување на ученикот во воспитно-образовниот процес. Планот се изготвува во соработка со ученикот, неговите родители/старатели, одделенскиот раководител и стручната служба, со цел обезбедување поддршка, следење на напредокот и поттикнување на личниот развој на ученикот.

Член 14

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити, видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во основното училиште („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/96 и 30/01).

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 12.8887/1<br>3 јули 2026 година<br>Скопје

Министер за образование<br>и наука,<br>проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.